Врз основа на донесената Методологија за определување на критериуми за доделување финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево број 08-423/11 од 05.04.2018 година („Службен гласник на Општина Крушево“ 12/2018), Градоначалникот на Општина Крушево објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-28/1-1
27.01.2026 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Крушево за 2026 година за здруженија и фондации

Јавниот повик се распишува за доделување финансиски средства предвидени во Ставка 463 – Трансфери до невладини организации од Буџетот на Општина Крушево за 2026 година.

**Вкупниот износ на средства од Ставка 463 изнесува 415.000,00 денари, и тоа:**

- расходно конто 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации: 115.000,00 денари;
- расходно конто 463120 – трансфери до спортски клубови: 260.000,00 денари;
- расходно конто 463160 – трансфери до хуманитарни организации: 40.000,00 денари.

Средствата за здруженијата на граѓани, фондациите и хуманитарните организации ќе се доделуваат еднократно, а за спортските клубови двократно.

## Право на учество

Право на учество имаат здруженија и фондации, спортски клубови и хуманитарни организации со седиште во Општина Крушево.
Резултатите од спроведените проекти/програми треба да бидат остварени на територијата на Општина Крушево.

## Основни критериуми

Здруженијата и фондациите треба да ги исполнуваат следните основни критериуми:

- да се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации;
- да имаат седиште во Општина Крушево;
- да се регистрирани најмалку три месеци пред датумот на објавување на јавниот повик;
- активностите да се реализираат на територијата на Општина Крушево.

## Посебни критериуми

- Предложените цели и активности од годишната програма да кореспондираат со стратешките и развојните документи на Општина Крушево.
- Доделените средства да се користат исклучиво за покривање на директни трошоци, односно за реализација на активности предвидени во годишната програма.

## Времетраење

Предвидениот период за реализација на активностите е заклучно со 31 декември 2026 година, со можност за продолжување со писмено образложено барање, доколку постојат оправдани причини.

## Потребна документација

Покрај пополнетата пријава за финансиска поддршка (пополнета со печатни букви на кирилско писмо, потпишана од законскиот застапник и заверена со печат), задолжително се доставуваат следните прилози:

1. Пополнета Пријава (образец достапен на веб-страницата на Општина Крушево);
2. Годишна програма за работа за 2026 година;
3. Копија од Решение за упис во регистарот на здруженија и фондации;
4. Профил на организацијата со референтна листа на досега реализирани проекти;
5. Извештај заклучно со 31.12.2025 година за добиени средства од Општина Крушево во 2025 година и начинот на нивната реализација (доколку организацијата користела средства);
6. CV (кратка биографија) на главниот ангажиран персонал;
7. Меморандум за соработка со партнерите (доколку има партнерство).

Јавниот повик е објавен на огласната табла и на веб-страницата на Општина Крушево: www.krusevo.gov.mk.
Датум на објавување: 27.02.2026 година
Краен рок за доставување: 27.03.2026 година

Потребната документација може да се подигне во просториите на Општина Крушево или да се преземе од веб-страницата.
Пријавата со целокупната документација се доставува лично или по пошта на адреса:

**Општина Крушево**
**Одделение за општи правни работи и јавни дејности**
**ул. „Никола Ѓурковиќ" бр. 16**
**Крушево**
На пликот, во горниот лев агол, да стои назнаката „НЕ ОТВОРАЈ", а во долниот десен агол: „За јавен повик по Ставка 463 – Трансфери до невладини организации".

**Напомена:** Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Здруженијата и фондациите ќе бидат писмено известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Крушево за 2026 година.

---

Лице за контакт:
Кире Николоски
Самостоен референт во Одделението за општи правни работи и јавни дејности
тел: 071-328-917
e-mail: nikoloski_kire@yahoo.com

**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Нико Чонески**